# Исус Христос, Божјиот Син

**1. Што вели Исус за Себе, Кој е Тој?**

**Јов. 10, 36:** *Зошто вие велите дека хули на Бога Оној, Кого Таткото Го посвети и испрати во светот - зашто реков: 'Јас Сум Божји Син'?*

**Јов. 5, 18:** *Затоа Јудејците Го бараа уште повеќе да Го убијат, не само дека ја нарушуваше саботата, туку дека и Бога Го наречуваше Свој Татко, изедначувајќи се со Бога.*

- Исус тврдеше дека Бог е Неговиот Татко. Неговото тврдење дека е еднаков со Бога беше основано на тоа што Тој беше Божји Син.

**2. Што посведочи Таткото за Исуса?**

**Мат. 3, 16.17:** *А кога Исус беше крстен, веднаш излезе од водата. И ете, небесата Му се отворија и го виде Духот Божји како слегува како гулаб и како се спушта над Него. И ете, глас од небесата, говореше: 'Овој е Мојот возљубен Син, во Кого Ми е милината!'*

**Мат. 17, 5:** *Додека уште зборуваше тој, ете, ги засени светол облак, и ете, глас од облакот велеше: 'Овој е Мојот возљубен Син, во Кого Ми е милината; слушајте Го Него!'*

**3. Што веруваа апостолите во врска со прашањето: Кој е Исус?**

**Мат. 16, 15.16:** *Тој им рече: 'А вие што велите, Кој Сум Јас?' Симон Петар одговори и рече: 'Ти си Христос, Син на живиот Бог.'*

- Петар го изложи верувањето на 12 ученици. Тие знаеја дека Исус е Синот на живиот Бог.

**Јов. 11, 27:** *Таа Му рече: 'Да, Господи, верувам дека Ти си Христос, Божјиот Син, Кој треба да дојде во светов'*

**Мат. 14, 33:** *А оние, кои беа во коработ, дојдоа и Му се поклонија, велејќи: 'Навистина Ти си Божји Син.'*

**4. Дали Сотоната и неговите демони знаеја кој е Исус?**

**Лука 4, 3:** *Тогаш ѓаволот Му рече: 'Ако си Син Божји, кажи му на овој камен да стане леб.'*

- Сотоната, пред неговиот пад од небото, знаеше дека Исус е Божјиот Син. Во пустината на искушението ѓаволот го оспорува тој факт.

**Лука 8, 28:** *Кога Го виде Исуса извика, падна пред Него и рече гласно: 'Што сакаш од мене, Исусе, Сине на севишниот Бог? Те молам, не ме измачувај'*

**Мар. 5, 7:** *И извика со силен глас: 'Што имаш Ти со мене Исусе, Сине на севишниот Бог? Те заколнувам во Бога, не мачи ме!'*

- Дури и демоните, или паднатите ангели, го знаат идентитетот на Христа.

**5. Дали постои уште некој кој е наречен 'Божји Син'?**

**Лука 3, 38:** *Син на Енос, син на Сит, син на Адам, син на Бога.*

- Адам беше Божји син преку процесот на создавање (1 Мој. 5, 1). Исто е и со ангелите (Јов 38, 7).

**1 Јов. 3, 1:** *Гледајте каква љубов ни дал Таткото: да се наречуваме Божји синови. А тоа и сме! Затоа светот не не познава нас, зашто не Го позна Него.*

- Ние сме Божји синови преку посвојување (Рим. 8, 15).

**6. Со кој посебен термин Библијата Го опишува Христа?**

**1 Јов. 4, 9:** *Во тоа ни се откри Божјата љубов кон нас, што Бог Го испрати во светот Својот единороден Син за да живееме преку Него.*

- Исус е 'единороден Син'. Тој не е создаден син, каков што беше Адам; ниту е посвоен син, како нас; туку е роден Син.

**Јов. 3, 16:** *Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот единороден Син, та секој, кој верува во Него, да не загине, туку да има вечен живот.*

- Бог го даде Својот единороден Син. Јасно е дека Бог мора да имал Син

пред да може да Го прати.

**Јов. 1, 14:** *И Словото стана тело и се настани меѓу нас и ја видовме Неговата слава, славата што ја има како единороден од Таткото - полн со благодат и вистина.*

- Словото што стана тело е Христос. Единородениот од Таткото стана човек. Божјиот Син стана човечки Син.

**7. Кога Исус стана човечки Син?**

**Гал. 4, 4:** *А кога се исполни времето, Бог Го испрати Својот Син, роден од жена, роден под законот.*

**Лука 1, 31:** *И ете, ќе зачнеш и ќе родиш Син, и ќе Му го дадеш името ИСУС.*

**8. Дали Исус стана Божји Син во или пред Витлеем?**

**Пос. 8, 22-30:** *ГОСПОД ме имаше во почетокот на Својот пат, пред Своите созданија, многу одамна. Вообличена сум уште од вечноста, од почеток, пред создавањето на земјата. Се родив кога уште немаше бездни, додека немаше извори на изобилни води. Се родив пред да бидат основани горите, пред бреговите; кога уште не ги имаше создадено земјата ни полињата, ни почетокот на земниот прав. Кога ги создаваше небесата, бев присутна, кога распростираше свод над лицето на бездната; кога ги зацврстуваше облаците во височината и кога ја одреди силата на изворот на прадлабочината. Кога му ги поставуваше на морето неговите граници, за да не му се прелеат водите преку бреговите, кога ги поставуваше основите на земјата, бев покрај Него, како градежничка, бев радосна, од ден на ден, радувајќи се пред Него сето време.*

- Христос е Божјата мудрост (1 Кор. 1, 24. 30; Кол. 2, 3). Во Пословиците Го наоѓаме Христа како зборува за Своето раѓање пред било што да биде создадено. Тоа е пред самиот почеток на се, период кој далеку го надминува нашето сваќање.

**Јов. 1, 1.2:** *Во почеток беше Словото, и Словото беше со Бога, и Словото беше Бог. Тоа беше во почетокот со Бога.*

- Исус е Словото, кое беше со Бога во почетокот, затоа што Тој создаде се.

**Мих. 5, 2:** *А ти, Витлееmу, Ефрато, најмалиот меѓу Јудините кнезови, од тебе ќе ми излезе Оној Кој ќе владее со Израел; Неговото потекло е од дамнини, од вечните времиња.*

- Зборот 'потекло' значи и 'почеток'. Исус беше роден од дамнини, од вечните времиња.

**Пос. 30, 4** *Кој се вознесе на небо и слезе? Кој го фати ветерот во своите грсти? Кој ги собра водите во својата наметка? Кој ги постави земските краишта? Како се вика и како му се вика синот? Знаеш ли?*

- Само Таткото и Синот беа вклучени во процесот на создавањето. Јасно, Синот е роден пред да започне создавањето.

Забелешка: Исус не глуми дека е Син. Тој е вистински буквален Син, роден. Инаку, би бил лажливец.

**9. Таткото не љубеше толку многу што Го даде Својот Син. Колку многу Го лубеше Таткото Синот?**

**Јов. 3, 35:** *Таткото Го љуби Синот и сé предаде во Неговата рака.*

- Божјата љубов кон Неговиот Син е неизмерна.

**10. Благодарение на Своето раѓање, што наследи Божјиот Син?**

**Евр. 1, 4:** *И стана толку повозвишен од ангелите, колку што наследи повозвишено име од нив.*

- Божјиот Син го наследи името на Својот Татко.

**2 Мој. 23, 20.21:** *Еве, го испраќам Својот ангел пред тебе, да те чува патем и да те доведе во местото што ти го приготвив. Почитувај го и слушај го! Не буни се против него, зашто нема да ви ги опростува прекршоците: зашто Моето име е во него.*

- Божјиот Син го има името на Својот Татко долго време пред Витлеем, што ни кажува дека Тој беше роден од Својот Татко долго време пред отелотворувањето.

**Јов. 5, 26:** *Зашто како што Таткото има живот во Себе, така Му даде и на Синот да има живот во Себе.*

- Самиот живот што Таткото го поседува Му беше даден на Неговиот Син преку наследство. Тој живот е бесмртен, оригинален кого синот може да го даде на оние кои веруваат (Јов. 17, 2). Тоа се случи и при создавањето кога Синот им даде живот на сите созданија. Животот на Таткото се излева на сите созданија преку љубениот Син.

**11. Кое име го имаше Исус на небото пред да дојде на земјата?**

**Отк. 12, 7:** *И настана војна на небото; Михаил со своите ангели завојува против змевот; и змевот и неговите ангели завојуваа.*

- 'Михаил' значи 'оној кој е како Бог'. Единствениот Кој е како Бог е Неговиот Син.

**Ис. 40, 18:** *Со кого ќе Го уподобите Бога? И со каков лик ќе Го споредите?*

**Евр. 1, 1-3:** *Бог, Кој од стари времиња, многупати и на многу начини им зборуваше на нашите татковци преку пророците, во последниве денови ни зборуваше преку Синот, Кого Го постави за наследник на се и преку Кого ги создаде и вековите. Тој е одблесок на Неговата слава и одраз на Неговото битие, Кој носи се со Своето силно слово, кој го изврши очистувањето на гревовите и седна оддесно на Величеството во висините.*

- Божјиот Син е одблесок на Татковата слава и одраз на Татковото битие. Таков е затоа што е роден од Таткото.

Забелешка: Погрешно е сватено од некои дека применувајќи го името Михаил на Христа Го прави само еден ангел, или создадено суштество. Тоа не е точно затоа што Христос е Божји Син и поради тоа принц на небото. Затоа, Тој е командант и главен на ангелите (тој е архангел). Исус беше водачот на ангелите во војната на небото. Тој е принц на ангелите, како и принц на Својот народ од земјата. (Види Дан. 12, 1; Јуда 9; 1 Сол. 4, 16).

**12. Дали Христос е божественo суштество, достојно за слава и обожавање од наша страна?**

**Евр. 1, 8. 6:** *А за Синот вели: 'Твојот престол, Боже, стои во сите векови и жезол на правдата е жезолот на Твоето царство'. И пак, кога Го воведе Првородениот во светот, вели: 'И да Му се поклонат сите Божји ангели'.*

- Исус го наследи името на Својот Татко. Тој е Бог по природа. Исто како човек кој има син, синот е исто така човечко суштество. Така и Таткото, Кој е божествена личност (Бог) има божествен Син. Тој Го нарекува Својот Син Бог и наредува сите да Му се поклонат.

**Кол. 2, 9; 1, 19:** *Зошто во Него живее сета полнота на Божеството. Зашто во Него благоволи Таткото да се всели сета полнота.*

- Полнотата на Божеството живее во Синот. Тој е потполно боженствен затоа што Неговиот Татко е Бог.

**Јов. 5, 23:** *За сите да Го почитуваат Синот, како што Го почитуваат Таткото. Кој не Го почитува Синот, не Го почитува ни Таткото, кој Го пратил.*

- Ние Го почитуваме и обожаваме Синот исто како и Таткото. Обајцата имаат боженствена природа. Ние му оддаваме врховна почит на Таткото почитувајќи и обожавајќи Го Неговиот Син.

**13. Колку е важно за нас да сватиме дека Исус е вистински Божји Син?**

**1 Јов. 2, 22.23:** *Кој е лажецот ако не оној кој одречува дека Исус е Христос? Ова е антихрист - кој ги одречува Таткото и Синот. Секој, кој Го одречува Синот, Го нема ни Таткото; (но) кој Го исповедува Синот, Го има и Таткото.*

- Ако одречеме дека Исус е Син, ние го имаме духот на Сотоната (антихристот). Правејќи го тоа ние го одречуваме и Таткото.

**1 Јов. 5, 10. 11:** *Кој верува во Божјиот Син, го има сведоштвото во себе; кој не Му верува на Бога, Го прави лажец, зашто не верува во сведоштвото кое Бог го посведочи за Својот Син.*

**Јов. 3, 36:** *Кој верува во Синот, има вечен живот; а кој не Му верува на Синот, нема да види живот, туку Божјиот гнев останува врз него.*

**Јов. 20, 31:** *А овие се запишани, за да верувате дека Исус е Христос, Божји Син, и верувајќи да имате живот во Негово име.*

**14. Некои се збунети околу зборот "роден" мислејќи дека тој значи исто што и "создаден". Разликата помеѓу "роден" и "создаден" јасно се гледа кога ќе го споредиме Христа со Луцифер (пред неговиот пад). Која е разликата помеѓу нив?**

**Пос. 8, 24.25:** ***Се родив*** *кога уште немаше бездни, додека немаше извори на изобилни води.* ***Се родив*** *пред да бидат основани горите, пред бреговите.*

- Двапати ни се кажува дека Христос е “роден”.

**Ез. 28, 13.15:** *Во Еден, во Божјата градина, живееше ти, твоето облекло беше украсено со секаков сард, топаз и дијамант, хрисолит, оникс и јаспис, сафир, смарагд и злато. Беа направени тапани и кавали, на денот кога* ***беше создаден*** *беа подготвени. Совршен беше по своите патишта од денот на своето* ***создавање*** *додека не ти се зачна беззаконие во срцето.*

- Два пати ни се кажува дека Луцифер е “создаден”. Христос е “роден”, додека Луцифер е “создаден”. Постои огромна разлика помеѓу овие два збора. Да се каже дека зборот “роден” значи исто што и зборот “создаден” значи да се изедначи Исус со Луцифер! Мораме да бидеме внимателни пред да Го обезвредниме Христа на еден таков начин.

**15. Кое важно прашање му го постави Исус на слепиот човек?**

**Јов. 9, 35-38:** *Исус чу дека го истерале надвор, го најде и му рече: 'Веруваш ли ти во Синот Божји?' Тој одговори и рече: 'А Кој е Тој, Господине, за да верувам во Него?' Исус му рече: 'Си Го видел, Кој зборува со тебе - Тој е.' А тој рече: 'Верувам Господи' и Му се поклони.*

- Верата во Божјиот Син е живот вечен.

**16. Зошто Евреите Го убија Христа?**

**Мат. 26, 63-65:** *А Исус молчеше. Првосвештеникот Му рече: 'Те заколнувам во живиот Бог да ни кажеш дали си Ти Христос, Божјиот Син?' Исус му кажа: 'Ти рече! Но Јас ви велам: отсега ќе Го гледате Човечкиот Син како седи оддесно на Силата и како доаѓа на небесните облаци.' Тогаш првосвештеникот ја раскина својата облека и рече: 'Го хули Бога! Зошто ни се потребни уште сведоци? Еве, сега ја чувте хулата!'*

- Исусовите зборови: 'ти рече' значат: 'правилно кажа'.

**Јов. 19, 7:** *Јудејците Му одговорија: 'Ние имаме закон и според законот Тој треба да умре, зашто Сам се направи Божји Син.'*

- Тие одбија да прифатат дека Исус навистина е Божји Син. Знаеја дека таквата потврда Го прави еднаков со Бога. (Јов. 10, 33).

**17. Кое славно ветување им е дадено на оние кои веруваат?**

**Јов. 1, 12:** *А на сите кои Го примија, им даде власт да станат Божји деца, на оние кои веруваат во Неговото име.*

**Заклучок:**

Исус Христос е единороден Божји Син. Тој е роден од Таткото некогаш во вечното минато. Тој не е создаден од ништо, како што е Луцифер, туку е роден од Татковата супстанца. Тоа е доказ за Неговото божество. Оваа вистина беше дел од Неговото учење додека беше на земјата, а исто така е и сведоштво на Библијата.

**Ако постои  само еден единствен Бог, Кој роди Син, Христос, тогаш кој е Светиот Дух?**

Во следната лекција ќе одговориме на ова прашање.